ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр.06-294/1**
**18.02.2026 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на Одлуките на Советот на Општина Гевгелија за формирање Општински штаб и Универзални сили (бр. 07-1800/1 и 07-1801/1 од 28.06.2007 год. и бр. 09-1125/1 од 13.07.2018 год.), како и Решенијата на Градоначалникот за именување на персоналниот состав и команда во Универзалната единица за заштита и спасување во Општина Гевгелија (бр. 08-160/1 и 08-953 од 2022 година), Општина Гевгелија го објавува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За склучување договори за соработка со правни субјекти за потребите на Општина Гевгелија во областа на заштита и спасување**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ПОВИКОТ

Предмет на овој повик е склучување договори со правни субјекти за обезбедување поддршка при справување со природни непогоди и други несреќи.

- Времетраење на соработката: Договорите со избраните субјекти ќе се склучуваат со важност од 3 (три) години.
- Локација: Поради потребата од итна интервенција, субјектите треба да бидат способни да дејствуваат на територијата на Општина Гевгелија.

## 2. КАТЕГОРИИ НА СУБЈЕКТИ

- **Категорија 1 – Градежни фирми**

  Фирми со сопствена механизација за извршување на следниве работи:

  - Расчистување на градежен материјал и шут
  - Пробивање низ урнатини, подигање на разрушени делови од објекти и слично
  - Чистење на снег, снежни наноси и лавини
  - Чистење на речни корита и подигање на заштитни насипи, расчистување на одрони и свлечишта

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

- Изведување на противпожарни пресеци при шумски пожари
- Правење на заштитни појаси околу населените места
- Транспорт на градежна механизација, песок, камен и слично
- Транспорт на стоки, храна, добиток и слично
- Транспорт на гориво, вода за пиење, техничка вода, вода за гаснење на пожари и слично
- Други услуги кои би се наметнале како потреба при справувањето со непогоди

- **Категорија 2 – Транспорт на лица**

  Фирми кои обезбедуваат превоз на:

  - Просторните универзални сили
  - Ангажирани лица
  - Население при непогоди

- **Категорија 3 - Снабдување**

  Фирми за:

  - Набавка на прехранбени и други артикли
  - Обезбедување на дневните потреби и теренска поддршка

- **Категорија 4 – Фирми, здруженија на граѓани, хуманитарни и невладини организации**

  Помош при:

  - Гасење на пожари
  - Медицински транспорт (санитетски возила/амбулантни возила)
  - Специјализирани возила (теренски возила, ПП возила, возила со кран или виљушкар, возила за логистика)

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите правни субјекти кои ги исполнуваат условите наведени во овој повик и достават комплетна документација.

## 4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

- **Категорија 1 (Градежни фирми):**
  - Да располагаат со сопствени машини, товарни и превозни средства или да имаат договор за користење со други субјекти.
  - Да имаат можност за транспорт на машините на различни локации низ Општина Гевгелија.
  - Механизацијата да не е постара од 20 години.

- **Категорија 2 (Транспорт на лица):**
  - Да располагаат со сопствени транспортни средства.
  - Да имаат транспортни средства со различен капацитет за превоз на патници (минимум 8 лица).
  - Возилата да поседуваат соодветни лиценци и дозволи за превоз – согласно законските прописи
- **Категорија 3 (Снабдување):**
  - Да имаат во асортиманот артикли за обезбедување на дневно снабдување со храна и пијалоци.
- **Категорија 4 (Фирми, здруженија на граѓани, хуманитарни и невладини организации):**
  - Подготвеност за учество во акции за заштита и спасување.
  - Сопствени специјализирани возила.

## 5. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Заинтересираните субјекти треба да доставaт комплетна документација која вклучува:

- Тековна состојба од Централен регистар (не постара од 6 месеци).
- Преглед списоци на механизација и возила со соодветни дозволи.
- Изјави за сопственост, старост и техничка исправност.
- Потврда за поседување на соодветни лиценци и дозволи за превоз – согласно законските прописи (за Категорија 2).
- За механизацијата која не поседува сообраќајна дозвола – документ за сопственост од економскиот оператор.
- Список на артикли (за снабдување - Категорија 3).

## 6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

При изборот на правните субјекти ќе се земат предвид следниве критериуми:

- Најниска понудена цена / услуга / артикл.
- Способност за брза мобилизација и достапност.
- Квалитет, капацитет и техничка исправност.
- Претходно искуство во слични ангажмани.

## 7. НАЧИН НА ИСПЛАТА

- Исплатата ќе се реализира согласно извршените работи, за што ќе се потпишува соодветен Записник (Образец 1-4) во зависност од категоријата на услугата.
- Рок за исплата: 30 дена од доставувањето на фактурата.

## 8. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И РОК

Пријавите се доставуваат во затворен плик во архивата на Општина Гевгелија или по пошта на адреса: ул. „Димитар Влахов" бр. 4, 1480 Гевгелија, со назнака: *„За Јавен повик за заштита и спасување".*

**Рок за поднесување:** 30 (триесет) календарски денови од денот на објавувањето на овој повик на веб-страницата на Општина Гевгелија.

**Информации:** Повеќе детали на www.gevgelija.gov.mk или на
**Е-пошта:** kabinet@gevgelija.gov.mk
**Тел**: ++38934 213 843

Изготвил: Ѓорге Гребенаков
Раководител на одделение за поддршка
на Градоначалникот

**контакт лице:**
Ѓорге Гребенаков 072 227 158
Томе Јанкуловски 075 330 181

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**

***ПРИЛОЗИ:***

***ПРИЛОГ 1: ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА***

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР**

- Назив на фирмата/здружение: ______________________________
- ЕДБ: ____________
- ЕМБС: ____________
- Адреса и седиште: ______________________________
- Одговорно лице: ______________________________
- Контакт телефон: ______________________________
- Е-пошта: ______________________________

**Категорија на апликација:**

☐ Категорија 1 – Градежни фирми и механизација

☐ Категорија 2 – Фирми за превоз на лица

☐ Категорија 3 – Снабдувачки фирми

☐ Категорија 4 – НВО / здруженија / хуманитарни организации

**Краток опис на капацитетот / услугите:**

**Изјава**

Под целосна кривична и материјална одговорност, потврдуваме дека:

- Доставената документација е точна и веродостојна,
- Подготвени сме за ангажман и брза мобилизација на територијата на Општина Гевгелија согласно условите од јавниот повик.
- Се согласуваме со предвидениот период на соработка од 3 (три) години.

**Датум:** ______________

**Место:** ______________

**Потпис/печат:**

______________

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

## ПРИЛОГ 2: КОНТРОЛНА ЛИСТА ЗА ДОСТАВЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

| Бр. | Назив на документот | Доставен (Да/Не) | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Тековна состојба од Централен регистар (не постара од 6 месеци) | ☐ | |
| 2. | Список на механизација / договори за користење | ☐ | |
| 3. | Список на возила за превоз (сообраќајни дозволи, технички карактеристики) | ☐ | |
| 4. | Изјава за сопственост на механизацијата | ☐ | |
| 5. | Потврда за поседување на лиценци за превоз во патниот сообраќај | ☐ | |
| 6. | Изјава за усогласеност со Еуро 4 стандард | ☐ | |
| 7. | Список на артикли (за снабдувачки фирми) | ☐ | |
| 8. | Тековна состојба и документи за специјализирани возила | ☐ | |
| 9. | Изјава за ангажман во спасувачки акции (за НВО/здруженија) | ☐ | |

## ПРИЛОГ 3: ОБРАЗЕЦ ЗА ФИНАНСИСКА ПОНУДА

(операторите да наведат цени по услуга/артикл)

| Бр. | Услуга/Артикл | Единица мерка | Количина | Цена по единица | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Транспорт на лица | km / час | | | |
| 2 | Расчистување на шут | $m^3$ | | | |
| 3 | Снабдување со вода | литри | | | |
| 4 | Снабдување со храна | пакети | | | |

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ПРИЛОГ 4: ОБРАЗЕЦ ЗА ИЗЈАВА – УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО**

**Назив на фирмата/здружението:** ______________________________

**Категорија на апликација:**

☐ Категорија 1 ,

☐ Категорија 2,

☐ Категорија 3,

☐ Категорија 4

**Изјава**

Под целосна кривична и материјална одговорност, потврдуваме дека:

- Располагаме со сопствени машини, возила и/или договори за користење согласно условите од јавниот повик.
- Механизацијата не е постара од 20 години и е технички исправна.
- Поседуваме соодветни лиценци и дозволи за превоз согласно законските прописи (за Категорија 2).
- Имаме артикли за снабдување со храна и пијалоци (за Категорија 3).
- Располагаме со специјализирани возила и сме подготвени за учество во акции за заштита и спасување (за Категорија 4).

**Датум:** ____________

**Место:** ____________

**Потпис и печат:**

____________

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ПРИЛОГ 5:**

**ОБРАЗЕЦ – СПИСОК НА МЕХАНИЗАЦИЈА / ВОЗИЛА**

**Список на механизација/возила** (тип, година, регистрација, техничка исправност)

| Бр. | Тип на механизација / возило | Година на производство | Регистрација дозвола | Техничка исправност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 2 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 3 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 4 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 5 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 6 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 7 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 8 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |

**Список на артикли** (за снабдувачки фирми)

| Бр. | Артикл | Единица мерка | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| 6 | | | | |
| 7 | | | | |
| 8 | | | | |

**Список на специјализирани возила/опрема** (за НВО/здруженија)

| Бр. | Тип на возило / опрема | Година | Регистрација дозвола | Техничка исправност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 2 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 3 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 4 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |
| 5 | | | | ☐ Да / ☐ Не | |

## ПРИЛОГ 6: КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

| Фирма | Цена/услуга/артикл (40 поени) | Мобилизација/време (25 поени) | Квалитет и капацитет (20 поени) | Искуство (15 поени) | Вкупно 100 (поени) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**Критериуми:**

1. Цена/услуга/артикл (40 поени)

- Најниска цена = 40 поени
- 10% повисока од најниска = 36 поени
- 20% повисока = 32 поени
- 30% повисока = 28 поени
- Над 30% повисока = 20 поени

2. Мобилизација/време (25 поени)

- Реакција <1 час = 25 поени
- Реакција 1–3 часа = 20 поени
- Реакција 3–6 часа = 15 поени
- Реакција >6 часа = 10 поени

3. Квалитет и капацитет (20 поени)

- Механизација <10 години, лиценци, голем капацитет = 20 поени
- Делумно постара механизација, ограничен капацитет = 15 поени
- Старост >20 години, ограничени ресурси = 10 поени

4. Искуство (15 поени)

- Докажани повеќе ангажмани во слични ситуации = 15 поени
- Неколку ангажмани = 10 поени
- Малку или без искуство = 5 поени

Вкупно- пресметка

- Фирма 1: Цена (40) + Мобилизација (25) + Квалитет (20) + Искуство (15) = 100